РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**Министерство за труд и социјална политика**

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Број 04-9602/1

12 -09- 2018 година

Скопје

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 , 27/16 и 35/18) Министерот за труд и социјална политика донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на**
**Правилникот за систематизација на работните места во**
**Министерството за труд и социјална политика**

**Член 1**

Во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика бр.04-7280/2 од 26.8.2015 година, 04-7280/7 од 24.11.2015 година, 04-157/1 од 08.01.2016 година, бр. 04-4231/2 од 06.06.2016 година, 04-4850/2 од 04.07.2016 година, бр.04-5934/1 од 18.8.2016 година, 803/1 од 08.02.2017, бр.02-3676/1 од 19.6.2017 година, бр.02-4771/1 од 17.7.2017 година, бр.04-5056/1 од 25.7.2017 и 04-5431/1 од 27.7.2017 година и бр. 04-9415/1 од 7.12.2017 година бр. 04-1775/1 од 06.02.2018 година бр.04-4578/1 од 02.04.2018 година, бр.04-4599/1 од 02.04.2018 година, 04-6210/1 од 16.05.2018 година, 04-7959/1 од 11.07.2018 година бр.04-8013/1 од 12.07.2018 година, бр.04-8757/1 од 07.08.2018 година и 04-9237/2 од 28.08.2018 година во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА работното место со реден број 12 Државен советник за креирање и развој на политики од област на човекови права и недискриминација, Координација и техничка поддршка на имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите се брише.

**Член 2**

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точката 3. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, во подточката 3.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, во работното место со реден број 35. Шифра УПР0101В04000 Помлад соработник - Стручен администратор за обука и оценување на административни државни службеници во делот вид на образование зборовите "политички науки, образование и социологија " се заменуваат со зборовите "организациони науки и управување (менаџмент)".

Во делот посебни услови се додаваат зборовите “сертификат за архивско и канцелариско работење и сертификат за менаџерски вештини за управување со човечки ресурси”

Член 3

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точката 3. СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, во подточката 3.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, во работното место со реден број 38. со шифра УПР0101В01000 Советник за Планирање на политики и програми на министерството во делот вид на образование зборовите “економски науки” се заменуваат со зборовите “етнологија и етногенеза”.

Член 4

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точката 5 во подточка 5.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И НОРМАТИВНИ РАБОТИ во работното место со реден број 82 шифра УПР 0101 В04000 Помлад соработник за Административно - техничка подршка и обработка на податоци и документи за судски постапки и за одговори на жалби од работен однос во делот посебни услови се додаваат “сертификат за архивско и канцелариско работење”

Член 5

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точката 6. СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА И ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МИНИСТЕРОТ-КАБИНЕТ НА МИНИСТЕР, во подточката 6.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ - КАБИНЕТ НА МИНИСТЕР во работното место со реден број 120, шифра УПР0101 Б04000 Раководител на Одделение за координација на активностите на министерот- Кабинет на министерот во делот вид на образование зборот “социологија” се заменува со зборовите”политички науки”. Во делот вид посебни услови се додаваат зборвите “сертификат за архивско и канцелариско работење”

Член 6

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА во точката 6. СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА И ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МИНИСТЕРОТ-КАБИНЕТ НА МИНИСТЕР, во подточката 6.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ - КАБИНЕТ НА МИНИСТЕР во работното место со реден број 125, шифра УПР0101 В04000 назив - Помлад соработник за Административно - оперативна поддршка на министерот и заменик министерот во делот вид на образование после зборовите зборовите " социјална работа и социјална политика " се додаваат зборовите "организациони науки и управување (менаџмент)"

Член 7

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, во точката 6. СЕКТОР ЗА КООРДИНАЦИЈА И ТЕХНИЧКА ПОМОШ НА МИНИСТЕРОТ-КАБИНЕТ НА МИНИСТЕР, во подточката 6.1 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРОТ- КАБИНЕТ НА МИНИСТЕР после работното место со реден број 131 -а со шифра УПР 01 01 В01 000 советник протокол на министерот, се додаваат две нови работни места 131-б и 131 – в кои гласат:

| | |
|---|---|
| Реден број | 131-б |
| Шифра | УПР 01 01 В03 000 |
| Ниво | В4 |
| Звање | Виш соработник |
| Назив на работно место | Виш соработник за Административно-оперативна и техничка поддршка за превод на англиски - македонски јазик |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение за координација и техничка помош на министерот –кабинет на министер |
| Вид на образование | Наука за книжевност (англистика) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Спроведување на оперативни и административно-логистички работи во насока на преведување материјали на англиски и македонски јазик за потребите на министерството и организационите единици |

| | |
|---|---|
| Работни задачи и обврски | - Преведува на материјали од Македонски на Англиски или втор јазик (германски) и обратно за потребите на Министерот и другите организациони единици;<br>- Ги преведува содржините за веб страната на англиски јазик;<br>- Обезбедува техничка подршка при одржување на средби и состаноци со потребен превод;<br>- Преведува материјали потребни за обука и семинари, за брошури, статии и друг промотивен материјали<br>- Обезбедува техничка помош и поддршка при подготовката на нови акти и прописи за кои е потребен превод; |

| | |
|---|---|
| Реден број | 131- в |
| Шифра | УПР 01 01 В02 000 |
| Ниво | В2 |
| Звање | Виш соработник |
| Назив на работно место | Виш соработник за Административно-оперативна и техничка поддршка за превод на македонски - албански јазик |
| Број на извршители | 1 |
| Одговара пред | Раководител на одделение за координација и техничка помош на министерот – кабинет на министер |
| Вид на образование | Наука за книжевност (Албанологија) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Спроведување на оперативни и административно-логистички работи во насока на преведување материјали на албански и македонски јазик за потребите на министерството и организационите единици |
| Работни задачи и обврски | - Преведува материјалите од Македонски на Албански јазик и обратно за потребите на Министерот и другите организациони единици;<br>- Ги преведува содржините за веб страната на албански јазик;<br>- Обезбедува техничка подршка при одржување на средби и состаноци со потребен превод;<br>- Учествува и преведува материјали за брошури, статии и друг промотивен материјал<br>- Обезбедува техничка помош и поддршка при |

| | |
|---|---|
| | подготовката на нови акти и прописи за кои е потребен превод; |

**Член 8**

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, во точката 8. СЕКТОР ЗА ПОЛИТИКИ ОД ОБЛАСТА НА ТРУДОВО ПРАВО И ПОЛИТИКИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, во подточката 8.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПАЗАР НА ТРУДОТ во работното место со реден број 188 шифра УПР 0101 В0400 советник за анализа и имплементација на меѓународните прописи и документи во делот вид на образование после зборовите "правни науки" се додаваат зборовите "јавна управа и администрација"

**Член 9**

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, во точката 11. СЕКТОР ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ, во подточката 11.2 одделение за заштита и превенција од секаков вид на дискриминација во работното место со реден број 234 шифра УПР 0101 Г01000 самостоен референт за административно - техничка обработка на податоци од областа на дискриминацијата во делот вид на образование зборовите биротехнички смер се заменуваат со зборовите "средно" .

**Член 10**

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, во точката 12. СЕКТОР ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, во подточката 12.1 одделение за социјално семејна и правна заштита на децата и семејството во работното место со реден број 241 шифра УПР 0101 В03000 соработник – семејни односи во делот број на извршители бројот "1" се заменува со бројот "2".

**Член 11**

Во делот IV. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, во точката 15 УПРАВА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ во подточката 15.1 СЕКТОР ЗА БОРЕЧКА И ИНВАЛИДСКА ЗАШТИТА 15.1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА

ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВА ОД БОРЕЧКА И ИНВАЛИДСКА ЗАШТИТА во работното место со реден број 338 УПР0101 В04000 Советник за Нормативно – правна и управна постапка за остварување на правата за боречка и инвалидска заштита во втор степен бројот на извршители "3" се заменува со бројот "1" .

Член 12

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Број

.09.2018 година

С к о п ј е

МИНИСТЕР,

Мила Царовска

Изработил: Маја Стојановска